Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ објавува повик за трудови за:

**Списание за европски прашања „Евродијалог“ бр. 18**

Рок за поднесување на трудови: **21 март 2013 година**.

„Евродијалог“ е академско списание на ЦРИС Студиорум, кое се објавува два пати годишно, а има за цел да промовира објективно, критичко и аналитичко размислување за прашања од различни области поврзани со Европската Унија и приближувањето и приклучувањето во ЕУ. „Евродијалог“ е во процес на индексирање за добивање статус на списание со импакт фактор.

За „Евродијалог“ бр. 18 ги повикуваме авторите/ките да поднесат трудови со кои се истражуваат различни прашања поврзани со ЕУ од областите право, економија, јавна администрација, меѓународни односи, политички науки, комуникации, нови технологии и општеството, енергетика, животна средина, здравство, како и од други релевантни области. Предност имаат истражувачки теми кои директно разработуваат прашања поврзани со Копенхагенските критериуми, а кои се фокусирани на анализи и студии на случај во однос на потребите и условите кои потекнуваат од ЕУ acquis unionaire.

Одбраните трудови ќе бидат публикувани во 18-то издание на „Евродијалог“, кое ќе биде објавено во дигитална форма на CD, на македонски и на англиски јазик. Покрај CD изданието, списанието во двојазична форма се објавува и на веб-локациите на „Евродијалог“ и CEEOL.

**Инструкции за автори/ки:**

1. Текстот да биде со должина не повеќе од 15 страници (6000 зборови проверени со word count). Текстот се приложува во електронска форма на електронската пошта на Евродијалог: evrodijalog@studiorum.org.mk.

2. Текстот да биде отчукан во Word (било која верзија) без понатамошни дотерувања (автоматско нумерирање, индент на секој пасус, итн.). Табели и графикони треба да се подготвуваат во наједноставна форма.

3. Текстот треба да содржи:

- име и презиме на авторот/ката/ите и титула/и;
- наслов и (евентуално) поднаслови;
- кратка биографија за авторот/ката/ите (1 реченица);
- апстракт со должина од 1/2 страница (150 зборови) на македонски јазик;
- апстракт со должина од 1/2 страница (150 зборови) на англиски јазик;
- библиографија, односно користена литература.

4. Јазична лектура и коректура прави Редакцијата на „Евродијалог“ со финална авторизација од авторот/ката/ите.

5. Повикувањето на користената литература треба да биде според унифицираниот MLA стил, односно според следните примери:

1. Книги:

- во текстот: (Castells, 1996, p.236)
- на крајот од текстот (во библиографијата): Castells, M. (1996). *The Rise of the Network Society*. Oxford, UK: Blackwell Publishers

2. Академски списанија:

- во текстот: (Robins, 1998, p.128)

- на крајот од текстот (во библиографијата): Robins, K. and Webster F. (1998). The Iron Cage of the Information Society. *Information, Communication and Society*, *vol. 1, no. 1,* 44-57

3. Web страници:

- во текстот: (Greenfield, 1999)

- на крајот од текстот (во библиографијата): Greenfield, D. (1999, August 20). The Nature of Internet Addiction. *Meetings of the American Psychological Association*. Accessed April 13, 2000, from: http://www.virtual-addiction.com

4. Печатени медиуми, весници, магазини:

- во текстот: (Economist, 08. 04. 2000)

- на крајот од текстот (во библиографијата): Who Owns the Knowledge Economy. (April 8, 2000) *The Economist, vol. 355, no. 8165*, p. 3.

5. Конференциски прилози:

- во текстот: (Blau, 1998)

- на крајот од текстот (во библиографијата): Blau, A. Floods. (June 29 – July 1, 1998). *Don't Build Bridges: Rich Networks, Poor Citizens, and the Role of Public Libraries*. Paper presented at conference Information Landscapes for a Learning Society. Bath, UK: University of Bath.

6. Главите и поглавјата да бидат рачно (неавтоматски) нумерирани со арапски броеви.

Рокот за поднесување на трудови е **21 март 2013 година**. Ве молиме да поднесувате само готови трудови или трудови кои се во финален нацрт. При испраќањето на трудот назначете дали се работи за финална верзија или финален нацрт. Готовите трудови се приложуваат до Уредничкиот Одбор преку електронска пошта на evrodijalog@studiorum.org.mk.

Списанието за европски прашања „Евродијалог“ бр. 18 ќе се публикува во **јуни 2013 година**.

Ги очекуваме Вашите трудови!

Уреднички Одбор

Списание за европски прашања „Евродијалог“

Скопје, 25 февруари 2013 година